**Општинско основно училиште**
**„Кочо Рацин“ - Куманово**

# Годишен извештај за работа на Училиштето во учебната 2021/22 год.

јуни, 2022 год.

Врз основа на член 113 од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр.161/19 год), директорот поднесува Извештај за постигнатите резултати во ВОР

***Појдовни основи за изработка на извештајот***

Целта на извештајот е да се даде осврт на целокупната работа на Училиштето, постигнатите резултати во наставата и вонnаставните воспитно - образовни подрачја, како и констатирање на позитивните страни и евентуалните пропусти со препораки и предлог-мерки за нивно надминување.

- За следење на квалитетот на работата на училиштето во седум клучни подрачја од дејноста во периодот од 22.11.2021 до 24.11.2021 г. од страна на инспекциски тим од ДПИ е спроведена интегрална евалуација, но извештајот од наодите и препораките сеуште не се добиени.

- Учество во надворешните мерења на постигањата на учениците – 37 ученици од III одделение (по случаен избор) беа вклучени во главно тестирање за Државно тестирање 2022 по мајчин јазик и математика. Добиените податоци ќе бидат собирани и користени на системско ниво и ќе се користат како индикатори за знаењата и способностите на учениците; увид во позадинските фактори кои влијаат врз постигањата на учениците и индикатори за потребите на наставниците за професионален развој и подобрување на ефективноста.

- Оваа учебна година се спроведе и самоевалуација, за што се формирани тимови. Подрачјата за самоевалуација се усогласени со подрачјата за интегрална евалуација, а согледувањата се прикажани во резимеата по секое подрачје и беа утврдени клучните јаки и слаби страни, како и приоритетните дејствија за подобрување. Истите беа појдовна основа за изготвување на *Развојната програма* 2022-2026 и *Годишна програма за работа на училиштето* за учебна 2022/23 година.

Учебната година започна на 01.09.2021, според *Календар за организација и работа на основните училишта во учебната 2021/22* година. Почетокот на второто полугодие беше пролонгиран со *Одлука за утврдување на бројот на наставни денови во учебната 2021/22 година во основните училишта во услови на вонредни околности*. Од страна на МОН и БРО се изготвени и *Насоки за реализација на наставата во второто полугодие од учебната 2021/22 година*, кои доследно се почитувани. Во текот на месец април имаше прекин на наставата поради генерален штрајк на вработените во образованието, по што е донесено *Решение за изменување на Наставните планови за основно образование*. Со него е утврден годишниот фонд на наставни часови и бројот на наставни денови (160) за учебната 2021/22 година.

Учениците од I до IX одделение во централното, како и учениците во сите подрачни училишта, посетуваа настава со физичко присуство, со исклучок на мал број на ученици кои наставата ја следеа од далечина (онлајн) со претходно доставено барање од родител, а согласно *План и Протокол за реализирање на наставата за учебна 2021/22 година.*

***Услови за остварување на воспитно – образовната дејност во училиштето***

И во оваа учебна година ВОР во ООУ„Кочо Рацин“ - Куманово беше организирана во седум објекти – училишта: централно, во населбата „Гоце Делчев“ и во ПУ с.Орашац, од прво до деветто одделение. Во ПУ с.Орашац одделенската настава се одвиваше во две комбинирани паралелки, а предметната настава – во четири чисти паралелки; во ПУ с.Доброшане наставата се одвиваше во пет чисти паралелки од I до V одделение, во селата Биљановце и Кучкарево во две комбинирани паралелки, а во селата Габреш и Градиште во по една комбинирана паралелка од I до V одделение.

Наставата во Централното училиште се изведува во училишен објект кој е во употреба од 1983 година, кој редовно се одржува и во последниве години се заменети речиси сите прозорци на училниците и на дел од еден ходник. Од пред пет учебни години Училиштето е

приклучено на гас. Преку проектот *Сложувалка,* во соработка со Меѓуопштинско здружение на лица со телесен инвалидитет Куманово, Кратово и Крива Паланка *–Мобилност,* на западната страна на училиштето и игралиштето беше изградена прилагодена патека/рампа за потребите на ученици со телесни пречки во развојот, како и преадаптација на по еден од постоечките тоалети во предметна и одделенска настава. Предминатата учебна година, Централното училиште се вароса со донирани средства од вработените, родителите, а дел се обезбедени преку Локалната самоуправа. Исто така беше извршена санација на потпорниот ѕид на влезот на училиштето, во соработка со локалната самоуправа и истиот беше осликан од членовите на ликовната секција *Ван Гог.*

Пред почетокот на учебната година се извршени подготовките за успешно и безбедно одвивање на наставата

- во согласност со *Протоколот за постапување на основните училишта во РСМ за реализација на ВОП со физичко присуство на учениците* и *План за одржување на наставата во основните и средните училишта во уч. 2021/22 год. (во услови на пандемија)* изготвени се и усогласени со истите интерни

- протоколи и кодекси за однесување на сите структури
- распореди на започнување на часови за ученици
- распореди и шеми за влегување и излегување на ученици на различни влезови од училиштето
- определување на дежурни наставници, редари
- извршена е целосна дезинфекција на централното и сите подрачни училишта
- поставени се едукативни постери за заштита од КОВИД – 19
- навремено се обезбедени средства за дезинфекција на раце, дезинфекција на училници, работни површини и тоалети, резервни заштитни маски.

Активностите за подобрување на условите за работа и безбедноста во училиштето продолжија и во текот на наставната година. Притоа се работеше на замена на стариот азбестен кров со нов, како и реновирање на дел од фасадата (на главниот влез и внатрешниот двор), замена на столарија во кабинет по природни науки.

Во текот на оваа година училиштето презема и низа активности за обезбедување адекватна средина за учење која ќе ги стимулира учениците активно да се вклучат во наставата, преку ставање во проблемски ситуации и поттикнување соодветно да реагираат на проблемите. Се водеше сметка за обезбедување соодветна инфраструктура и современи наставни средства и помагала преку обезбедување стабилен интернет, опремување со смарт табли, соодветни проектори, прераспределба на постоечките ЛЦД телевизори, обезбедување и опремување на просторија за кабинет по природни науки.

Пред почетокот на учебната година изготвен е распоредот за редовната настава, а распоредите за дополнителна и додатна настава се изготвуваат за секој месец одделно и се истакнуваат на Web страна на Училиштето.

Евиденција за реализацијата на наставата и постигањата на учениците од оваа учебна година се води само во електронски дневник. На месечно ниво одделенските раководители ги печатеа страниците со евиденција за реализираните наставни часови, за што беше набавен печатач, кој е инсталиран во наставничката канцеларија.

***Настава***

Во оваа учебна година настава следеа вкупно 1237 ученици, распоредени во 54 чисти и 8 комбинирани паралелки. На почетокот беа запишани 1255 ученици, но дојде до отпишување на поголем број ученици (само во прво тримесечје 18), најголем број поради преселување во странство.

Во текот на оваа учебна година постојано варираше бројката на ученици со физичко присуство од прво до деветто одделение поради болест на учениците, ученици или наставници позитивни на Ковид 19, изолација на ученици поради контакт со лице позитивно на Ковид 19 или поради барања од родители за преминување на онлајн учење. Согласно препораките и упатствата, за учениците кои следат настава од далечина беа организирани повремени консултативни средби.

Од оваа учебна година I и IV одделение реализираа настава согласно новата Концепција за основно образование. Планирањето и реализацијата се одвиваа според насоките добиени на посетената обука (Модул 2), со што се зајакна соработката на ниво на стручните активи, кои беа задолжени за планирање на реализацијата на наставната програма, како и планирање на часовите - детализирање на активностите (сценарија за часовите), средствата и начинот на следење. Можеше да се презема и од други стручни активи (директно или со прилагодување). Сценариото се користи како замена за подготовка за час и претставува детализиран опис на активностите за учениците (активностите се разложени на чекори). Воведено е неделно планирање кое секој наставник го изготвуваше индивидуално - прилагодено е на учениците во паралелката и флексибилно (подложно на дополнителни прилагодувања - според рефлексијата).

Времетраење на наставата за овие две одделенија е 5 часа, од кои околу 3 до 3,5 часа поминуваат на наставни часови, а преостанатото време во други активности. Поради ова имаше негодување и отпор од страна на некои родители, особено на учениците од прво одделение, но со тек на време дојде до адаптација на учениците, за што придонесе и тоа што немаше стриктна поделба на часови - распоредот на наставните активности и паузите ги определуваше наставникот.

За непречено одвивање на наставниот процес во овие генерации, во централното училиште во почетокот на октомври се поставени 12 смарт табли и проектори, набавени од страна на Општина Куманово, а во јануари уште една смарт табла, набавена од училиштето. За учениците од IV одделение беа ставени во употреба дигитални учебници, кои доведоа до зголемување на активноста и мотивацијата на учениците. Беа обезбедени и печатени учебници, вкупно 38 комплети, кои се поделени на учениците во подрачните училишта, како и по 2-3 комплета во паралелките во централното училиште.

Наставата по ФЗО во I, II и III одделение се изведуваше од тандем наставници.

Учениците од VII одделение учествуваа во изработка на стрип, со интегрирање на наставата по македонски јазик и ликовно образование.

Пред почетокот на учебната година сите наставници ги изготвија потребните годишни и тематски планирања. Планираните часови се и реализирани.

Постојано се водеше сметка за почитување на Препораките

Наставната година заврши на 09.06.2022 год., а реализирани се 160 наставни денови.

Во учебната 2021/22 год. наставата ја посетуваа вкупно 1237 ученици, а на почетокот беа запишани 1255.

Централно училиште

| одд. | I | II | III | IV | V | I- V | VI | VII | VIII | IX | VI-IX | I- IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| пар. | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 25 | 5 | 5 | 5 | 5 | 20 | 45 |
| учен. | 117 | 130 | 128 | 112 | 106 | 593 | 121 | 144 | 140 | 121 | 526 | 1119 |

ПУ с. Доброшане

| одд. | I | II | III | IV | V | I -V |
|---|---|---|---|---|---|---|
| пар. | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 5 |
| учен. | 8 | 12 | 10 | 8 | 9 | 47 |

ПУ с. Биљановце

| одд. | I/II/III | | | IV/ V | | I - V |
|---|---|---|---|---|---|---|
| пар. | 1 | | | 1 | | 2 |
| учен. | 3 | 5 | 4 | 4 | 4 | 20 |

ПУ с.Орашац

| одд. | I/II/III | | | IV/V | | I - V | VI | VII | VIII | IX | VI-IX | I-IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| пар. | 1 | | | 1 | | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 4 | 6 |
| уч. | 3 | 4 | 1 | 3 | 3 | 14 | 5 | 3 | 7 | 8 | 23 | 37 |

ПУ с. Кучкарево

| одд. | II | IV/ V | | I- V |
|---|---|---|---|---|
| пар. | 1 | 1 | | 2 |
| ученици | 2 | 1 | 1 | 4 |

ПУ с. Габреш

Една комбинирана паралелка од: III одделение – 2 ученици.

ПУ с. Градиште

Една комбинирана паралелка од: I одделение – 2 ученици, III одделение – 1 ученик, IV одделение -2 ученици, V одделение – 3, вкупно 8 ученици.

Во Училиштето во оваа учебна година ВОД ја реализираа вкупно 92 наставници, од кои 4 наставници дополнуваа од други училишта; директор, двајца педагози, двајца психолози, дефектолог и библиотекар. Наставата се изведуваше на македонски наставен јазик.

***Изборна настава***

Со изборните предмети во основно училиште на учениците им се дава можност да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата и да ги развиваат своите индивидуални способности по одделни наставни предмети.

За реализирање на изборната настава во учебната 2021/2022 година во мај 2021 год. беше спроведена анкета за ученици од II до IX одделение (со исклучок на IV) за избор на изборни предмети. Постапката е спроведена според Законот за основно образование, согласно интерната процедура за избор на изборни предмети и кадровската екипираност на Училиштето. Учениците извршија избор на понудените предмети според *Насоките за организација и реализација на наставата* добиени од БРО, во согласност со нивните родители почитувајќи ги личните желби и интереси на ученикот.

Врз основа на искажаните желби, како втор странски јазик од VI до IX одделение во централното училиште се изучува германскиот и италијанскиот јазик, додека во ПУ с. Орашац се изучува рускиот јазик. Изборни предмети кои се изучуваат оваа година се: запознавање со религиите и класична култура во европската цивилизација во VI одделение; нашата татковина, изборен спорт и проекти од музичката уметност во VII одделение; во VIII одделение – нашата татковина, проекти од информатика, проекти од музичка уметност и

изборен спорт; во IX одделение програмирање, а нашата татковина во ПУ с. Орашац, со два часа неделно за еден од предметите. Во оваа учебна година не се изучува изборниот предмет творештво во V одделение, затоа што родителите не се согласија за изучување на истиот.

Како новина според новата Концепција за основно образование, во I одделение се воведени слободни активности што ги водеше одделенскиот наставник задолжен за паралелката во договор со учениците. Во времето предвидено за слободниот изборен предмет (2 наставни часа неделно), секој ученик се поттикнуваше самиот да избере што сака да прави со други ученици во група како дополнување на она што е веќе учено во текот на неделата или целата паралелка избираше заедничка активност која е во функција на: поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците, проширување/ продлабочување на знаењата преку проектни активности од еден предмет или од една тема која поврзува повеќе предмети, или развивање на основни ИКТ вештини.

Во IV одделение се воведени слободни изборни предмети, по еден за секое полугодие со неделен фонд 2 часа. Учениците можеа да бираат од предложена листа од 4 категории изборни предмети. Во согласност со изборот и актуелната ситуација (за немешање на паралелките) во прво полугодие се реализирани следните СИП:

- за проширување/продлабочување на знаењата од задолжителните наставни предмети - математичко логичко резонирање, ликовна уметност и чувари на природата
- за поддршка на интереси на учениците кои не се дел од наставните предмети - театарски работилници
- за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците – градење интерперсонални односи и разрешување конфликти
- од спортско-рекреативен карактер – забавни игри и танци

Наставните програми по СИП ги изготвуваше тим од наставници (стручен актив), според листата на понудени изборни предмети во училиштето, според насоки од БРО. Повратната информација/одобрение од МОН за изготвените наставни програми доцнеше, односно пристигна во текот на второ полугодие, а дел од програмите веќе беа реализирани во тек на прво полугодие. Се користеа и наставни програми изготвени од тимови наставници од други училишта.

Во месец мај 2022 год. извршен е упис на учениците во I одделение.

Во паралелките од VI одделение во Централно училиште, распределени се учениците од подрачните училишта од с. Доброшане и с. Биљановце, извршена е распределба на одделенски и предметни наставници по наставни предмети, одделенија, паралелки и часови и определени одделенски раководители на паралелките.

Пред почетокот на учебната година беше изготвен распоредот на часовите за редовната настава, а во текот на месец октомври и распоредот за одржување на дополнителна и додатна настава и истите беа истакнувани месечно на Веб страната и огласната табла на Училиштето.

Часовите за сите видови настава се реализирани според наставните денови и НПП. Наставната година заврши со 160 наставни денови.

**Реализација на утврдените приоритети**

| **Цел 1. Постигнување подобри резултати во наставата** | |
|---|---|
| **реализирано** | **нереализирано** |
| Да се унапреди педагошката практика врз основа на следење и имплементирање на промените и новините во системот на образование | Да се организира обука на наставници за специфични методи на поучување на ученици со ПОП |
| | Да се обезбедат психодијагностички инструменти за идентификација на надарени/талентирани ученици |

| **Цел 2. Подобрување на условите за работа во Училиштето** | |
|---|---|
| Извршена реконструкција на училишна зграда во ПУ с. Биљановце | Да се реконструира училишна спортска сала |
| | Да се подобри состојбата со дел од подовите во училниците и ходниците во ЦУ и дел од подрачните училишта и да се заменат дотраени прозорци во ходници и училници |
| Реновирање на настрешница на главниот влез | Да се реконструира пристапот до главниот влез во училиштето |
| Пренамена и адаптација на просторот во еден кабинет по информатика во кабинет по природни науки | Да се прилагоди просторот во 4 училници за изведување на кабинетска настава |
| **Цел 3. Зајакнување на соработката со локална и бизнис заедница за обезбедување на средства за подобрување на инфраструктурата** | |
| | Приклучување на ПУ с. Доброшане на локална канализациона мрежа |
| | Анимирање на локалното население за континуирано реализирање на активности од еколошка програма |
| | Да се интензивира соработката со бизнис секторот во област на професионална ориентација на учениците |

***Дополнителна настава*** се изведуваше согласно интерната процедура и се организираше за учениците кои се соочуваа со повремени тешкотии во учењето, побавно напредуваа или заостануваа во усвојувањето на содржините и другите задачи од еден или повеќе наставни предмети. Дополнителна настава се организираше во зависност од потребите на учениците од II до IX одделение.

***Додатна настава*** се изведуваше согласно интерната процедура и се организираше за учениците кои во текот на редовната настава постигнуваа натпросечни резултати и се потврдуваа со особена надареност и талентираност во одделни наставни предмети. Истите беа детектирани со прашалници за откривање на надарени и талентирани ученици (во предминатата учебна година) и од страна на наставниците. Наставниците ја нудеа на учениците, а тие одлучуваа дали ќе ја посетуваат. Бројот на планирани и реализирани часови по паралелка е во зависност од потребите на учениците во паралелката.

Часовите за дополнителна и додатна настава се реализирани според планираната динамика и во зависност од потребите на учениците.

Како и минатата учебна година наставниците водат евиденција за релизацијата и ефектите од дополнителна, додатна настава и воннаставни активности во соодветни обрасци според новиот *Правилник за формата, содржината и начинот на водење на педагошка документација и евиденција во основното училиште*.

***Работа со надарени и талентирани***

Детектирањето на надарените/талентираните ученици е извршено од страна на стручните соработници на почетокот од предминатата учебна година со примена на прашалници за наставници, ученици и родители, како и прашалник за интересите на учениците кои се посочени како надарени/талентирани. Со оглед на тоа што училиштето не располага со психодијагностички инструменти, не е извршена идентификација на специфичниот вид на надареност. Во зависност од детектираното подрачје на надареност/талентираност предметните наставници вршеа диференцијација во планирањата

на редовната настава и ги вклучуваа овие ученици во додатна настава, според искажаните интереси и по добиена согласност од нивните родители. Притоа континуирано им пружаа поддршка и ги мотивираа и насочуваа во подготовка и учество на натпревари. За таа цел покрај онлајн, одржувани се и консултации со физичко присуство.

Во ***работата со ученици со посебни образовни потреби*** се водеше сметка во една паралелка да се вклучат најмногу две деца со посебни потреби, наставникот да не биде почетник, во работата со ученикот се вклучуваше специјалниот едукатор/рехабилитатор. Учениците кои се категоризирани работеа според ИОП-и изготвени од наставниците, со помош и постојана поддршка од страна на специјалниот едукатор и рехабилитатор. Во работата со овие ученици беа вклучени 5 образовни асистенти, по претходно направена проценка по МКФ. Работата со овие ученици се одвиваше во соработка со ОУРЦ „Иднина“ Скопје со кое во минатата учебна година е потпишан договор за соработка и изготвен акционен план за работа за учебна 2021/22 година.

За учениците со специфични тешкотии во учењето се применуваше диференциран пристап, средства за работа во склад со детектираните тешкотии, а по потреба се организираше дополнителна настава.

Во работата со ***ранливи групи ученици*** се водеше сметка за нивно редовно вклучување во наставниот процес, навремено обезбедување на потребниот наставен прибор и материјали, подобрување на нивната социоемоционална состојба, следење на нивните постигања, обезбедување поддршка од соучениците преку нивно прифаќање и помош во совладувањето на наставните содржини. За постигнување на ова се ангажираа наставниците, соучениците, ученичката заедница, родителите. Од МОН се добиени 4 таблети (барани 17), за учениците од IV одделение. За учениците кои се социјално загрозени (корисници на парична помош), потекнуваат од семејства со самохран родител, или имаат над двајца ученици се обезбедени 40 таблети од Општина Куманово.

Особено се водеше грижа да се обезбеди запишување и редовно присуство на учениците од ранливите групи што се под ризик од предвремено напуштање на училиштето. Согласно Концепцијата за инклузивно образование, училиштето презема активности кои го олеснија вклучувањето на учениците коишто извесен подолг период не го посетувале училиштето, го напуштиле или не се запишале навреме.

Стручните соработници се вклучуваа во детектирањето на учениците, поддршката на наставниците и родителите за интервенција во полето на препознаената тешкотија со индивидуални и групни разговори и советувања, работилници и насоки.

***Секции/клубови***

Согласно *Концепцијата*, во оваа учебна година беа планирани секции за проширување/ продлабочување на содржините од наставните предмети/области, секции за поддршка на други вонаставни интереси на учениците, секции за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците, спортско-рекреативни секции. Планираните активности се одвиваа согласно препораките и протоколите за заштита од пандемија. Особено активни беа членовите на ликовната, литературната и секцијата за велосипедизам, кои учествуваа на повеќе конкурси и манифестации.

Во рамки на подрачјето ***акции*** спроведени се повеќе еко – активности:

- континуирано собирање на пластични капачиња, пластичен отпад, хартија и батерии
- акција за расчистување по повод *Светски ден на глобално чистење* со активно учество на еко тимовите

- еко акција и натпревар за собирање на пластични шишиња, во организација на НЛБ банка
- Еко акција по повод 21ви Март – Ден на пролетта, чистење на училници и училишниот двор, ликовен и литературен конкурс

***Ученичко организирање и учество***

Учениците се организирани на ниво на паралелка и училиште. Функциите претседател и заменик претседател на паралелка ги извршуваат ученици од различен пол и истите се изберени на демократски начин. На ниво на паралелка се изберени претседател, заменик претседател, постојани и привремени тела. Заедниците на паралелките беа фокусирани на одржување на редот и почитување на препораките за реализација на настава, придржување до кодексите за однесување, предлози за подобрување на односите.

Сите претседатели и заменик претседатели на паралелките од шесто до деветто одделение го сочинуваат ученичкиот парламент. Претседателот на ученичкиот парламент е изберен со мнозинство гласови од вкупниот број на претставници од претседателите на заедниците на паралелките по пат на тајно гласање, со употреба на онлајн алатката *Mentimeter*. Разговарано е за постигнатиот успех и дадени се предлози за подобрување на истиот.

Спроведен е избор за Ученик правобранител со мандат од две годинии, а избраните ученици со училишниот педагог беа во посета на канцеларија на Народен правобранител. Притоа им беше претставена работата на народниот правобранител и беа запознаени со начин на заштита на човековите права.

***Вонучилишни активности***

Планираните излети и екскурзии за овој период не се реализирани поради пандемија со КОВИД – 19, согласно упатствата од МОН.

Како посебен вид вонннаставни активности може да се сметаат гостувањата на училиштата надвор од земјава во рамките на проекти, како што се: Еразмус +, збратимени училишта и слично. (активностите се наведени во делот – Проекти)

***Натпревари за учениците***

Нашите ученици учествуваа на училишни натпревари и на натпревари во организација на БРО и други институции, како и на распишани конкурси по одредени предмети и на одредени теми, на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво. Освоени се повеќе награди и признанија.

| **општински/меѓуопштински натпревари** | | | |
|---|---|---|---|
| турнир во футсал по повод 8-Септември | женска екипа | I место | Грозде Спасовски |
| велосипедска трка како дел од општинскиот натпревар *Детски семафор 2021* | екипно | III место | Галина Глигорова Пешиќ |
| | Илина Арсовска – | најдобар поединец | |
| меѓуопштински натпревар во футсал | машка екипа | I место | Грозде Спасовски |
| меѓуопштински натпревар во футсал | женска екипа | I место | |
| атлетска трка по повод 11 Ноември | Ива Тоневска VIII-5 | III место | Марјан Нојковски |
| турнир во кошарка | машка екипа | II место | Сузана Николовска |
| манифестација по повод *Ден на книгата* организирана од библиотека *Тане Георгиевски* | Илина Арсовска | I место проза | Весна Тодоровска |
| | Андреј Ј.Љупкин | IIместо поезија | Катерина Костадинова |

| | | | |
|---|---|---|---|
| зонски натпревар во футсал | женска екипа | III место | Грозде Спасовски |
| општински натпревар по биологија одржан на платформата Microsoft Teams 2022 | Лука Стојмановиќ,<br>Јаков Кузмановски,<br>Јован Станковиќ,<br>Леонид Јовановски | II награда | Зденка Димиќ |
| | Кристијан Магловски,<br>Матеј Абдулкарим,<br>Маја Стојмановска,<br>Јована Мироновска,<br>Марко Илиевски,<br>Олег Цветанов,<br>АлександарТодоровски | III награда | |
| | Елена БожиновскаVIII4,<br>Андреј Доневски VIII2<br>Матеј Илиевски VIII2 | I награда | Лидија Крстевска |
| | Зое Нилолај VIII-4 | II награда | |
| општински натпревар по физика 2022 | Илина Арсовска VIII-4<br>Емил Петковски IX-4<br>Лука Здравковиќ IX-4 | I награда | Жаклина Пешевска |
| | Матеј Илиевски VIII-2<br>Петра Томовска VIII-4<br>Кристијан ИлиевскиVIII5 | III награда | |
| општински натпревар по природни науки за V одделение – 2022 | Сара Арсиќ<br>Огнен Ангеловски,<br>Наум Крстевски<br>Теодора Цветковска | I награда | Биљана Милошевска |
| | Илина Младеновска,<br>Јована Спировска,<br>Нина Туништ,<br>Алексеј Стојановски,<br>АнастасијаСерафимовиќ<br>Стефан Величковски | II награда | |
| | Адам Серафимовски,<br>Софија Салтировска,<br>Мила Стојанова<br>Лука Ангеловски | III награда | |
| општински натпревар по природни науки за IV одделение - 2022 | Петар Николовски IV-4 | I награда | БиљанаИвановска |
| | Ружа Ефремовска IV-1,<br>Андреј Спасовски IV-3,<br>Огнен Стојковски IV-4,<br>ТеодораБожиновскаIV4; | II награда | Ирена Анѓеловиќ<br>СветланаКузмановска<br>Биљана Ивановска |
| | Инес Нешковска IV-2,<br>Михаела Тасевски IV-2,<br>МартинаТрајановиќ IV2<br>Дора Георгиевска IV-2, | III награда | Кристина Петковска |
| | Јован Спасиќ IV- 3,<br>Христо Клековски IV- 3, | | Светлана Кузмановска |
| | Јана Анастасовска IV-4,<br>Софија Трајковска IV-4, | | Биљана Ивановска |
| | СтефаниСтојановска IV5<br>Теодора РистевскаIV- 5,<br>Ена Макрешанска IV- 5, | | Николина Милевска |
| општински натпревар по природни науки за VI одделение - 2022 | АнастасијаАрсовска VI-2 | I награда | Лидија Крстевска |
| | Теа Величковска VI-4<br>Теодора ВеличковскаVI5 | II награда | |
| општинки натпревар по математика за IV одделение - 2022 | Никола Христов IV- 3<br>Никола ФилиповскиIV 3 | I награда | СветланаКузмановска |
| | Марко Велковски IV- 4 | | Биљана Ивановска |
| | МартинаТрајановиќ IV-2 | II награда | Кристина Петковска |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Јован Спасиќ IV- 3 | | СветланаКузмановска |
| | ТеодораБожиновска IV-4 | | Биљана Ивановска |
| | МихаилАтанасовски IV4 | | |
| | Јана Атанасовска IV4 | III награда | Биљана Ивановска |
| | Павел Додиќ IV-3 | | СветланаКузмановска |
| општинки натпревар по математика за V одделение – 2022 | Сара Арсиќ V4 | I награда | Галаба Давчевска |
| | Адам Серафимовски V5 | III награда | Сунчица Арсовска |
| општинки натпревар по математика за VI одделение - 2022 | Ѓорѓи Димковски<br>Ања Доневска<br>Михаил Димковски<br>Андреј Евтимов<br>Анастасија Арсовска<br>Михаил Величковски | I награда | Климентина Михајловиќ |
| | Гордан Јакимовски | II награда | |
| | Дамјан Цаневски<br>Кристијан Тушевски | III награда | |
| општинки натпревар по математика за VII одделение - 2022 | Лука Стојмановиќ | I награда | Јасмина Петрушевска |
| | Андреј Ангеловски<br>Маја Стојмановска<br>Ива Миленковска<br>Бодан Ќурчински | III награда | |
| општинки натпревар по математика за VIII одделение - 2022 | Илина Арсовска<br>Кирил Петковски<br>Сара Аго<br>Андреа Тушевска<br>Андреј Доневски<br>Матеј Илиевски<br>Михаил Стошевски<br>Петар Станковски | I награда | Марина Величковска |
| | Марко Салтировски | II награда | |
| | Кристијан Илиевски | III награда | |
| општинки натпревар по математика за IX одделение - 2022 | Кристијан Евтимов<br>Димитар Јакимовски | II награда | Снежана Стефановска |
| | Емил Петковски<br>Лука Здравковиќ | III награда | |
| општински натпревар по англиски јазик ЕЛТАМ за V одделение | Софија Салтировска | I награда | Афродита Стојанова-Крстевска |
| | АнаМаријаСтефановска | II награда | |
| општински натпревар по англиски јазик ЕЛТАМ за VI одделение | Теа Величковска<br>Лука Трајковски | I награда | Ивана Банчоковска |
| општински натпревар по англиски јазик ЕЛТАМ за VII одделение | Исидора Вељковиќ<br>Јана Марковска | II награда | Лидија Атанасовска |
| општински натпревар по англиски јазик ЕЛТАМ за VIII одделение | Зое Николај VIII-4 | I награда | Соња Коцевска |
| | Матеј Илиевски | II награда | |
| општински натпревар по англиски јазик ЕЛТАМ за IX одделение | Мила Смилевска<br>Мила Кипријановска | I награда | Анита Димовска |
| општински натпревар по географија за VI одделение | Лазар Николовски VI-1<br>ТеодораДавитковскаVI5 | II место | Славица Николиќ |
| општински натпревар по географија за VIII одделение | Петра Томовска VIII-4 | I место | |
| | Матеј Илиевски VIII-2 | II место | |
| финален натпревар во кошарка (општински) | екипен | II место | Сузана Николовска |
| меѓуопштински натпревар во фудбал | женска екипа | I место | Грозде Спасовски |
| проект *Фудбал во училиште* | II/III одделение | II место | Грозде Спасовски |
| | IV/V одделение | | |
| велосипедска трка организирана од страна на ВЕЛО М и Општински сојуз на училишен спорт на Куманово | Оља Цветанова IV<br>Маша Арсиќ VIII 2<br>Кирил Анчевски VIII 2 | I место | Галина Глигорова Пешиќ |
| | Теодор Тодоровски VI-1<br>Анастасија Слободановска - VIII 3 | II место | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Горазд Тимчевски IX -1 | | |
| | МихаилВеличковскиVI1<br>Горјан Јакимовски VIII-1 | III место | |
| **регионални натпревари** | | | |
| регионален натпревар по информатика | Лука Здравковиќ IX-4 | III место | Лидија Поповска |
| регионален натпревар по математика за IV одделение | Ена Макрешанска IV-5<br>Софија Ристовска IV-5<br>СтефаниСтојановскаIV5 | I награда | Николина Милевска |
| | Давид Јакимовски IV-3 | II награда | СветланаКузмановска |
| | Никола Христов IV-3<br>Никола ФилиповскиIV3<br>Павел Додиќ IV-3<br>Бојан Чоробенски IV-3 | III награда | Светлана Кузмановска |
| | МартинаТрајановиќ IV2 | | Кристина Петковска |
| | ТеодораБожиновска IV4 | | Биљана Ивановска |
| | Наум Стојмановски IV5 | | Николина Милевска |
| регионален натпревар по математика за VI одделение | Анастасија Арсовска | I награда | Климентина Михајловиќ |
| | Михаил Димковски<br>Петар Радевски | III награда | |
| регионален натпревар по математика за VII одделение | Лука Стојмановиќ | I награда | Јасмина Петрушевска |
| | Тодор Стоичков | III награда | |
| регионален натпревар по математика за VIII одделение | Илина Арсовска | I награда | Марина Величковска |
| | Андреј Доневски<br>Матеј Илиевски<br>Кристијан Илиевски | III награда | |
| регионален натпревар по математика за IX одделение | Кристијан Евтимов<br>Лука Здравковиќ | III награда | Снежана Стефановска |
| регионален натпревар по природни науки за IV одделение | Михаела Тасевска IV-2 | III награда | Кристина Петковска |
| регионален натпревар по природни науки за V одделение | Сара Арсиќ | I награда | Биљана Милошевска |
| | Огнен Ангеловски<br>Јована Спировска<br>Адам Серафимовски | II награда | |
| | Нина Туниш<br>Илина Младеновска<br>Мила Стојанова<br>Теодора Цветковска<br>Наум Крстевски<br>АнастасијаСерафимовиќ<br>Стефан Величковски | III награда | |
| регионален натпревар по природни науки за VI одделение | АнастасијаАрсовскаVI2 | II награда | Лидија Крстевска |
| | Теа Величковска VI-4 | III награда | |
| регионален натпревар по физика 2022 | Андреј Доневски VIII-2<br>Илина Арсовска VIII-4 | I награда | Жаклина Пешевска |
| | Петра Томовска VIII-4<br>Матеј Илиевски VIII-2 | II награда | |
| | Сара Аго VIII-4<br>Андреа Тушевска VIII-4 | III награда | |
| регионален напревар по германски јазик | Зое Николај VIII-4 | III место | Душан Трајковски |
| регионален натпревар по биологија за VII одделение | Лука Стојмановиќ | I награда | Зденка Димиќ |
| | Леонид Јовановски<br>Јован Станковиќ | II награда | |
| | Јована Мироновска<br>Кристијан Магловски<br>Александар Тодоровски<br>Олег Цветанов<br>Јаков Кузмановски | III награда | |
| регионален натпревар по англиски јазик ЕЛТАМ за V одделение | Софија Салтировска | I награда | Афродита С.Крстевска |
| | АнаМаријаСтефановска | III награда | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| регионален натпревар по англиски јазик ЕЛТАМ за VI одделение | Теа Величковска<br>Лука Трајковски | II награда | Ивана Банчоковска |
| регионален натпревар по англиски јазик ЕЛТАМ за VII одделение | Исидора Вељковиќ<br>Јана Марковска | I награда | Лидија Атанасовска |
| регионален натпревар по англиски јазик ЕЛТАМ за VIII одделение | Зое Николај VIII-4 | I награда | Соња Коцевска |
| регионален натпревар по англиски јазик ЕЛТАМ за IX одделение | Мила Смилевска<br>Мила Кипријановска | I награда | Анита Димовска |
| зонски натпревар во фудбал | женска екипа | I место | Грозде Спасовски |
| **државни натпревари** | | | |
| конкурс по повод Светски ден на штедењето – 31 октомври | Леона Стојковска VIII-1 | I награда | Далибор Јовановски |
| републички ликовен конкурс *11 Октомври* распишан од ДЛЦ | Ања Русевска IX-1 | I место | Далибор Јовановски |
| | Теона Петковска VI-1 | II место | |
| најдобар есеј за 2021 година на тема - *Блаже Конески - великанот на македонската поетска реч* | ЕленаБожиновска VIII-4 | II место | Весна Тодоровска |
| учество на конкурс *БЗР од мали нозе* | Максим Антиќ IV-5 | благодарница | Николина Милевска |
| 3-ти меморијален натпревар по математика *Александар Блажевски – Цане* | ИлинаАрсовскаVIII-4 | сребрен медал | Марина Величковска |
| државен натпревар по информатика | Лука Здравковиќ IX-4 | III то место | Лидија Поповска |
| државен натпревар за кодирање - програма *Училишта за 21 век во Западен Балкан* | Мартиа Димовска<br>Лука Здравковиќ | II место | Лидија Поповска |
| државно првенство во атлетика | Марио Пешевски<br>Михаил Стошевски | II место | Марјан Нојковски |
| | Даниел Маџевиќ<br>Михаил Стошевски<br>Штафета 4х100м.машки<br>Штафета4х100м.женски | III место | |
| државен натпревар по германски јазик | Зое Николај VIII-4 | III место | Душан Трајковски |
| државен натпревар по математика -VI одд. | Анастасија Арсовска | III награда | КлиментинаМихајловиќ |
| државен натпревар по математика -VIII одд. | Илина Арсовска<br>Андреј Доневски | II награда | Марина Величковска |
| | Матеј Илиевски | III награда | |
| државен натпревар по математика – IX одд. | Лука Здравковиќ | III награда | СнежанаСтефановска |
| државен натпревар по биологија -VIII одд. | Матеј Илиевски VIII-2<br>Елена БожиновскаVIII-4 | III награда | Лидија Крстевска |
| државен натпревар по биологија – VII одд. | Лука Стојмановиќ VII/2 | II награда | Зденка Димиќ |
| државен натпревар по спортска гимнастика | Вања Денковска | III место | Никола Златановски |
| | Теодосиј Лазаревски | II место | |
| државен натпревар по природни науки за V одделение | Огнен Ангеловски V-2<br>Јована Спировска V-4 | II награда | Биљана Милошевска |
| државен натпревар по природни науки за VI одделение | АнастасијаАрсовскаVI2 | II награда | Лидија Крстевска |
| државен натпревар географија | Матеј Илиевски VIII/3 | I место | Славица Николиќ |
| државен натпревар по физика | Андреј Доневски VIII-2<br>Илина Арсовска VIII-4 | I награда | Жаклина Пешевска |
| | Петра Томовска VIII-4<br>Матеј Илиевски VIII-2 | II награда | |
| олимпијада по математика | Илина Арсовска<br>Лука Здравковиќ | бронзен медал | |
| **меѓународни натпревари** | | | |
| HIPPO IQ европско 2021 во Римини, Италија | Мила Смилевска IX-3 | I место | Анита Димовска |
| HIPPO IQ финале светско 2021 во Венеција, Италија | Мила Смилевска IX-3 | пофалница (IV место) | Анита Димовска |
| HIPPO IQ финале светско 2021 во Венеција, Италија | Бисера Чоробенска VIII- | пофалница (VII место) | Соња Коцевска |

| | | | |
|---|---|---|---|
| меѓународен детски ликовен хепенинг – *13 Ноември Скопје* во организација на ДЛЦ | Мила Ивановска IX-3 | I место | Далибор Јовановски |
| Phisics in Advent | ВелимирЕфремовски IX-1 | сертификат за поед. учество | Жаклина Пешевска |
| меѓународна ликовна изложба за деца и младинци „13 Ноември" | Анастасија Арсовска VI<br>Мила Аневска IX | I место | Далибор Јовановски |
| меѓународна ликовна изложба *Флора и фауна извор на животот и убавината* | Ања Русевска IX-1 | I место | Далибор Јовановски |
| | Ива Љубевска VIII-3 | I место | |
| | ЛараНиколовска VIII-5 | II место | |
| Hippo Language Olympiad 2022<br>Little Hippo | Максим Костадиновски,<br>Бојан Чоробенски,<br>Никола Филиповски | пласман во полуфинале | Невенка Цветковска |
| | Михаил Атанасовски | | ГабриелаАрсовска |
| Hippo Language Olympiad 2022<br>Hippo 1 | Теодора Арсовска V<br>Тамара Михаловска - V | пласман во полуфинале | Афродита С.Крстевска |
| Hippo Language Olympiad 2022<br>Hippo 2 | Михаил Цветковски VII<br>Милан КаранфиловскиVII | пласман во полуфинале | Лидија Атанасовска |
| Hippo Language Olympiad 2022<br>Hippo 3 | Инес Стојмановска VIII<br>Бисера Чоробенска VIII<br>Јован Чоробенски VIII | пласман во полуфинале | Соња Коцевска |
| | Мила Кипријановска IX<br>Јована Јовановска IX | | Анита Димовска |
| Hippo Language Olympiad 2022- Hippo 4 | Мила Смилевска IX-3 | пласман во полуфинале | Анита Димовска |
| 9-ти меѓународен натпревар *Шантиќев фестивал на деца поети* - Мостар | Елена БожиновскаVIII-4 | финалист | Весна Тодоровска |
| меѓународен поетски конкурс на тема: *Што е росата?* -втора категорија (ученици IV/ V) | Ива Ѓорѓиевска, V-3 | III награда | Лидија Христовска |

Во текот на учебната 2021/22 г. нашите ученици освоија 230 поединечни и/или екипни награди/места од кои на општинско ниво – 46 први, 41 втори и 42 трети награди/места; на регионално ниво 17-први, 11- втори и 34- трети награди/места; на државно/републичко ниво – 5 први, 14 втори и 13 трети награди/места; на меѓународно ниво – 5 први, 1 второ и 1 трето награди/места.

***Проекти***

Реализирани се повеќе активности од *Erasmus* + проекти кои започнаа во минатата учебна година: *Учиме од чудесната природа* (I'm IN), *Чувари на водите* (GLOW) и *Откриј го светот околу себе со новите технологии!* (Open your mind to new technologies).

Во рамките на проектот *Учиме од чудесната природа* (I'm IN!) реализирани се следните активности:

- Мобилоност на наставници во Амиен, Франција (5 наставници)
- Изработка на есенски land art мандала форми со ученици од осмо одделение
- Изработка на новогодишни честитки со материјали од природата
- Мобилност - нашето училиште домаќин на 7 ученици и 2 наставника од College Eduard Lucas од Амиен, Франција
- Ц3 мобилност во Амиен, Франција на 2 наставници и 12 ученици

Во рамките на проектот *Чувари на водите* (GLOW) реализирани се следните активности:

- следење презентации на партнер училишта за празници кои традиционално се слават со цел запознавање на културните сличности и разлики.
- Мобилност - нашето училиште домаќин на 25 ученици и 10 наставници од партнер држави од Португалија, Шпанија, Турција и Италија

Во рамките на проектот *Откриј го светот околу себе со новите технологии!* (Open your mind to new technologies) реализирани се следните активности:

- набавен 3D принтер со кој учениците ќе можат да се стекнат со нови знаења за новите технологии, да научат што повеќе за 3D принтање и 3D моделирање.
- мобилност на 5 ученици и 2 наставника во Честохова, Полска
- дисеминација од ученици за Ц1 мобилност во Честохова, Полска во 9-1, 9-3 и 9-4 одд
- Работилница креирање на дизајн на новогодишни украси со Tinkercad апликација и принтање на 3Д принтер со ученици од деветто одделение
- Работилница креирање на дизајн на осмомартовски украси со Tinkercad апликација и принтање на 3Д принтер со ученици од петто одделение
- Мобилност во Насауд, Романија, 3 наставници и 6 ученици

Во рамките на проектот *Заедничка грижа за правилно насочување на учениците* се планирани повеќе активности, но поради пандемија истите се одложени.

Продолжи проектот *Збратимени училишта* со *Синав Колеџ* од Анталија, Р. Турција со планирани онлајн активности, како и донација на наставни материјали на англиски јазик.

Продолжи проектот *Безбедни училишта,* со вклучување во активностите на ниво на општина, а позначајно беше учеството на предновогодишен квиз *Безбедно детство.*

Од второ полугодие започна со реализација проектот *Чекори умно и зелено* со ученици од VII одделение, одобрен и поддржан од *Фонд за иновации и технолошки развој* во соработка со МОН, добиен во рамките на јавниот повик *Предизвик за млади истражувачи – зелени проекти.*

***Поддршка на учениците***

Како и минатите учебни години, анализата на успехот на учениците се врши по полова и национална структура, според *Индикаторите за квалитетот на работата на училиштата.* Анализата на успехот на учениците според половата структура дава јасни и корисни податоци за постигањата на учениците. Што се однесува до анализата по национална структура на учениците, истата не придонесува за некои конкретни согледувања и споредби, бидејќи нашето училиште има 97,21% Македонци, 2,15% Срби, 0,24% Роми и 0,39% други.

Оваа учебна година во одделенска настава (четврто и петто одделение) - 74,61% се одлични, 17,97% многу добри и 7,42% се добри. Во предметната настава, т.е. од шесто до деветто одделение 51,91% од учениците се одлични, 26,59% се многу добри, 18,40% добри и 2,37% се доволни.

Девојчињата постигнуваат подобри резултати во скоро сите одделенија, што се гледа од приложената табела

**Среден успех на учениците од IV до IX одделение**

| **учебна год.** | **2019/20** | | | **2020/21** | | | **2021/22** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **одделение** | **сите** | **маш.** | **жен.** | **сите** | **маш.** | **жен.** | **сите** | **маш.** | **жен.** |
| **IV** | 4,70 | 4,59 | 4,82 | 4,74 | 4,65 | 4,83 | 4,65 | 4,62 | 4,68 |
| **V** | 4,72 | 4,69 | 4,75 | 4,62 | 4,49 | 4,74 | 4,64 | 4,51 | 4,78 |
| **VI** | 4,37 | 4,20 | 4,54 | 4,40 | 4,41 | 4,40 | 4,18 | 3,94 | 4,42 |
| **VII** | 4,27 | 4,12 | 4,42 | 4,38 | 4,20 | 4,57 | 4,19 | 4,19 | 4,18 |
| **VIII** | 4,08 | 3,98 | 4,18 | 4,09 | 3,83 | 4,34 | 4,09 | 3,89 | 4,29 |
| **IX** | 4,22 | 4,01 | 4,43 | 4,29 | 4,20 | 4,38 | 4,17 | 3,94 | 4,40 |
| **VI-IX** | 4,24 | 4,08 | 4,40 | 4,29 | 4,17 | 4,42 | 4,15 | 3,98 | 4,31 |

Констатираме дека средниот успех на девојчињата во изминатите три години е над 4,00 (4,40; 4,42; 4,31) додека на машките во предметна настава бил и нешто помал од 4,00 (4,08; 4,17; 3,98).

За учениците со слаби оценки од страна на стручната служба беа реализирани работилници на тема *Совети за поефикасно учење*.

На крајот од наставната година беше прогласен Ученик на генерација – Лука Здравковиќ, IX-4 одделение во присуство на ученици, наставници, стручната служба, родители, а беа доделени пофалници/благодарници за учениците со континуирано одличен успех и на учениците кои освоиле I-III место/награда на натпревари.

***Професионалната ориентација*** на учениците според изготвениот план се интензивираше во второто полугодие. Од страна на одделенските раководители се реализирани работилници од програмата ОЖВ, а дел од содржините се реализирани по предметот граѓанско образование. Беше работено на идентификување на способностите, потенцијалите, ставовите и вештините, препознавање и вреднување на сопствените карактеристики, општествени и лични вредности, идентификување на јаките страни.

Со цел промоција на стручното образование како остварлива можност за кариера и за да се претстават различните стручни образовни профили, учениците од деветто одделение присуствуваа на два дигитални саема за стручно образование - во првото полугодие дводневен, а во второто еднодневен. Оваа активност беше реализирана во рамки на проектот *Образование за вработување во Северна Македонија – E4E@mk* финансиран од Швајцарската агенција за развој и соработка и поддржан од МОН.

Средните училишта се претставуваа и преку презентации организирани во нашето училиште и посета на наши ученици на отворени денови.

***Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација***

Една од приоритетните цели е на учениците да им се обезбедат услови за безбедно растење и заштита од сите облици на насилство, злоставување и занемарување. Со цел дефинирање на улогите, прецизирање на процедурите и мерките на поддршка во процесот на заштита подготвени се повеќе документи/правилници/процедури, кои ја истакнуваат обврската на адекватна помош и соработка со семејството на детето и релевантните служби и институции. *Тимот за заштита од насилство* во соработка со вработените, учениците и релевантните установи планираше, организираше и управуваше со превентивните активности. Овие активности придонесоа учениците да се чувствуваат заштитено и сигурно, успешно и ефикасно да учат, да научат како да управуваат со сопственото однесување, да ги разбираат и прифаќаат разликите, да соработуваат и работат тимски. Активностите се одвиваа преку реализирање работилници од образование за животни вештини, наставни содржини од поедини предмети (ККЕЦ, историја, македонски јазик, етика, граѓанско образование), разговори и дискусии на ученички парламент, разговори и советодавна работа на стручни соработници. Педагошко психолошката служба се вклучи со континуираната советодавно-консултативна работа со учениците и родителите, како и подготвка и реализација на превентивни работилници за учениците (*Справување со агресивноста, Конфликтите се скалила, Безбедно на интернет*).

Во соработка со АТЗ тимот во општина Куманово и Сектор за образование, училишниот педагог реализираше работилница на тема *Ненасилна комуникација*, во која учествуваа по 10 ученици од нашето и од училиштето „Наим Фрашери“.

За одбележување на Меѓународниот ден на лицата со попреченост, на покана од МОН и со поддршка на канцеларијата на УНИЦЕФ, за учениците од четврто до деветто одделение на часот на одделенска заедница беше организирана работилница на тема *Употреба на инклузивен јазик*, со поддршка од училишниот инклузивен тим - УИТ.

Дел од членовите од Тимот за професионален развој следеа онлајн обука на тема *Спречување и борба против трговија со деца*, во организација на БРО. Целта на обуката беше да се подигне свеста и да се сензибилизираат наставниците/стручните соработници за факторите на ризик, ранливоста на децата од трговија со луѓе, методите за врбување и заштита на децата – жртви на трговија со деца.

Работилница на тема *Трговија со луѓе* со ученици од IX одделение организирана од страна на СВР Куманово со цел едукација и подигнување на свеста кај младите и општата популација за препознавање на најчестите форми на трговијата со деца и луѓе.

Учениците од седмо и деветто одделение присуствуваа на предавање на тема *Употреба на петарди*, одржано од СВР Куманово.

Дисеминација на проектот за *Антидискриминација* за ученици од деветто одделение од учениците-учесници во проектот кои беа во Троген, Швајцарија.

Работилница по повод Ден на училиштето ОУРЦ „Иднина“ Скопје организирана од страна на специјалниот едукатор и рехабилитатор Росица Трајковска и 5 образовни асистенти, а учествуваа 5 ученици со ПОП.

***Оценување/вреднување*** на постигањата на учениците се спроведе според Законот за основно образование и во согласност со *Критериумите* и *Стандардите за оценување.* Беше усогласено со целите, односно резултатите од учењето според скратените наставни програми за 160 дена.

Учениците од I - III одделение на крај од учебната година се оценети описно, а од IV-IX одделение се оценети бројчано. Во координација помеѓу наставниците беше испланирано писменото оценување (во еден ден да нема повеќе од едно писмено оценување, а во седмицата не повеќе од две). По сите наставни предмети од I – IX одделение се реализирани сите планирани содржини по предвидениот број часови (според изменетите НПП) и е извршено соодветно вреднување на знаењата на учениците. Резултатите од вреднувањето на знаењата на учениците се прикажани во табеларни прегледи, по што е изготвена анализа, како посебен документ.

Се применуваше и формативно и сумативно оценување, во согласност со различните наставни методи и инструменти за оценување на учениците. За учениците кои следеа настава на далечина (врз основа на барање од родител кое се темели на одлуката на владата за исклучоците од физичка настава), проверката на знаењата и постигањата се спроведуваше со физичко присуство во училиштето според однапред изготвен распоред и со придржување на мерките за заштита од КОВИД – 19.

Тимот за следење, анализа и поддршка на оценувањето кој е задолжен за имплементирање и стимулирање на наставниците за примена на стандардите во оценувањето, очекувањата од секој предметен наставник како и нивното планирање на формативното и сумативното оценување им пружаше поддршка во текот на целиот процес.

Следењето на квалитетот на оценување во училиштето се вршеше преку следење на планирањата на наставниците за проверка и оценување на успехот на учениците (тематски планирања), следење и анализа на успехот на учениците преку табеларните прегледи за секој класификационен период.

***Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно образовниот кадар*** се вршени од директорот, Според Закон за основно образование, а со овластување од Директорот, и од помошник директорот и стручните соработници. Следењето и вреднувањето се однесува на квалитетот на работата и постигањето на компетенциите и стандардите на наставниците. Следени се часови кај сите наставници, според однапред изготвен план, по што е направена соодветна анализа.

***Безбедност во училиштето***

Училиштето има изготвено Програма за лична и колективна заштита и безбедност, превенција и заштита од природни и други несреќи, како и план за евакуација кој е достапен и истакнат на видно место. Сите потенцијално небезбедни/опасни места се означени со соодветни ознаки.

Во првото полугодие од страна на Државниот инспекторат за труд беше направен надзор во областа безбедност и здравје при работа, при што беше извршен преглед и испитување на работната средина и на опремата. Покрај тоа, беа назначени лица за безбедност при работа и беше обезбедена изјава за безбедност за секое работно место, прецизирајќи ги начинот и мерките што треба да се преземат. Вработените беа информирани за безбедно извршување на работата преку писмени известувања и упатства на наставнички совет. Беше спроведена и обука за заштита при работа, во која беа вклучени 65 вработени. За следење на здравствената состојба на вработените беше спроведен систематски и санитарен преглед за сите вработени.

***Грижа за здравјето***

Во училиштето се водеше сметка хигиената да се одржува на високо ниво, согласно протоколите. Пред почетокот е извршена целосна дезинфекција (ХЕС-Куманово). Училниците, ходниците, скалите, тоалетите, сите работни површини редовно се дезинфицирани по завршување на секоја смена, а по потреба и почесто.

Со систематски прегледи се опфатени учениците од I, III, V и VII одделение. Овие прегледи се извршени во Школска амбуланта при Медицинскиот центар - Куманово, по претходно изготвен распоред во кој се внимаваше да не се попречува наставата и да се запазат сите мерки и протоколи за работа во услови на пандемија. Поради тоа помалите ученици беа придружувани од родителите.

Вакцинирање е извршено според календарот за имунизација и вакцинација. Опфатени се сите ученици од 6 до 15 години со следниве вакцини:

6 години (I одделение) - морбили, рубеола, дифтерија, тетанус заразни заушки и инактивнаполио вакцина;

7 години (II одделение) - детска парализа, дифтерија, тетанус;

12 години (VI одделение) - инфекции со Хуман папилома вирус (ХПВ) (само за девојчиња);

14 години (завршна година во основното образование) - детска парализа, дифтерија и тетанус.

На почетокот од учебната година сите ученици се запознаени со *Протоколот* и адаптираните кодекси за однесување во услови на пандемија.

Одржана презентација на тема *Контрацепција* од матурантите од ОСТУ"Наце Буѓони" за деветтоодделенци - во пресрет на недела на женско здравје со цел едукација која е од круцијален значај за нашите ученици.

Предавање за ученици од деветто одделение од страна на МВР - СВР Куманово на тема *Превенција од насилство и зависност од наркотични средства и алкохол*.

***Училишна клима***

Училиштето континуирано води грижа за дисциплината од почетокот до крајот на работното време. Во услови на пандемија, извршено е определување и назначување на дежурни наставници и редари, како за централно, така и за подрачните училишта. Овие лица имаа обврска да го контролираат спроведувањето на *План*, *Протокол* и *Алгоритам* (контрола на мерење температура, спроведување на дезинфекција на раце и обувки, редовно вршење дезинфекција и одржување хигиена, одржување на редот и физичка дистанца помеѓу учениците, користење на спортската сала, назначените влезови и сл.).

Учениците и наставниците водеа континуирана грижа за естетското и функционално уредување на просторот во училиштето. Кај учениците е всадена навика за чување и

одржување на изложените изработки. Учлниците, ходниците и холот се уредувани согласно темите од наставната програма, реализирани активности од проектите во кои е вклучено училиштето, празниците и годишните времиња.

Во училиштето постојат кодекси за однесување на наставниците, учениците и родителите. Поради настанатата ситуација со пандемија истите претрпеа измени и се усогласени со протоколите и планот од МОН. Изготвени и усогласени се:

- Куќен ред за настава со физичко присуство на учениците
- Кодекс за наставници
- Кодекс за ученици
- Кодекс за родители

Во рамки на подрачјето ***Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар*** редовно се пружаше поддршка на професионалниот развој и подобрување на компетенциите на наставниците преку советодавно–консултативни разговори и состаноци, навремено обезбедување на потребната документација за полагање на стручен испит на наставниците-почетници, ажурирани се професионалните досиеја на сите наставници и стручни соработници (според новиот Правилник).

За ефективен професионален развој наставниците и стручните соработници изготвија личен план за професионален развој врз основа на самопроценка на сопствените компетенции, потреби, интереси и професионални интереси. Истиот е усогласен со планирањето на колегите од стручниот актив, со потребите на училиштето и државата и реалните можности за остварување на желбите и плановите. По завршување на наставната година, во месец јуни сите наставници направија извештај за реализација на ЛППР кој беше разгледан на стручните активи, кои дадоа повратна информација, по што се ставени на увид кај директорот. (според новиот Правилник)

Потребите и приоритетите за стручно усовршување се детектирани врз основа на личните планови за професионален развој на наставниците/стручните соработници, резултатите од самопроценката и извршената *Самоевалуација на училиштето*, како и изготвените предлог-програми за професионален развој на ниво на стручни активи. Како приоритетна област за оваа учебна година се покажа следење на новините во законските и програмските документи и унапредување на сопствената педагошка практика врз основа на следење и имплементирање на промените и новините во системот на образованието.

Во *Училишната програма за професионален развој* се предвидени интерни обуки, семинари за измени од наставните планови и програми од страна на БРО, дисеминација на обуки на ниво на училиште. Во рамки на групно стручно усовршување наставниците ги посетија следните обуки:

- *Реализација на новата концепција во основните училишта* – за наставници од I и IV одделение
- *Примена на смарт табли* – 28 наставници (во одделенска настава во ЦУ)
- *Информативна сесија за наставници* одржана во соработка со ОУРЦ „Иднина“, на платформата Microsoft Teams за наставниците кои во паралелката имаат ученици со попреченост
- Обука за заштита при работа – 65 вработени
- *Потреба од засилена реализација на воспитната компонента во училиштата* – 72 наставници
- *Спречување и борба против трговија со деца* – 3 претставници од Тим за професионален развој – онлајн на платформата Microsoft Teams
- *Работилница за имплементација на МКФ – 2* претставници од Училишен инклузивен тим (онлајн преку платформа Google Meat)

Во рамки на индивидуално стручно усовршување голем дел од наставниците посетија повеќе онлајн курсеви, ЕДУИНО вебинари (за формативно оценување, педагошките пристапи кон инклузивно, дигитално и комбинирано учење за сите ученици, стекнување на компетенции за технолошка поддршка на наставата).

Оваа година преку последниот отворен повик за изработка на едукативни игровни активности и новопоставените критериуми за селекција од страна на БРО во третата група од 42 ЕДУИНО-амбасадори влезе и наставникот од нашето училиште Николина Милевска. Како пример за наставник кој придонесува во развој и ко-креирање на дигитални образовни ресурси ќе придонесе кон колаборативно креирање ресурси и засилување на вештините кај наставниот кадар, континуиран раст и развој во нивната кариера како едукатори и просветни работници.

Наставниците/стручните соработници можат да напредуваат во звања. Категоријата наставник/стручен соработник се добива со полагање на стручен испит за наставник/стручен соработник. Наставникот/стручниот соработник може да напредува во звање наставник/стручен соработник - ментор и наставник/стручен соработник - советник. Професионалните стандарди за звањата наставник/стручен соработник - ментор и наставник/стручен соработник - советник и начинот на стекнување ги пропишува министерот на предлог на БРО и ЦСОО. Минатата учебна година (во јануари) од страна на МОН по првпат беше распишан јавен повик за напредување во звање, на кој аплицираа тројца наставници од нашето училиште, со поддршка од менаџерскиот тим и тимот за професионален развој. Според условите објавени во повикот, наставникот по македонски јазик, Весна Тодоровска е избрана за наставник-ментор.

***Соработка на Училиштето со родителите/старателите***

Сите тежишни приоритети се разгледуваат на состаноци на Совет на родители и истите даваат идејни решенија за имплементација на истите. Родителите се вклучени во сите сегменти на работење на училиштето и тоа при: детектирање на состојбите во училиштето од типот на настанати дефекти и потребни поправки на инвентарот и подобрување на условите за работа, нивни идејни планови за организација на активности во училиштето, во донесување на решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиште и реализација на истите.

***Комуникација со јавноста и промоција на Училиштето***

*Тимот за комуникација со јавноста и промоција на училиштето* и оваа учебна година работеше на промовирање на активностите и достигнувањата, за да се запознае локалната средина со постоечките состојби и проблеми во училиштето

Следени се сите објавени конкурси и натпревари на локално, државно и на меѓународно ниво, на кои нашите ученици со своите лични творби земаа активно учество. Особено внимание се посвети на меѓународните конкурси за ликовни и литературни творби со што се продолжува трендот за афирмација на нашето училиште во меѓународни рамки. Поголемо внимание се посвети на конкурсите распишани на интернет страниците.

За сите новини, активности и достигнувања редовно се известуваше преку Web страна на Училиштето која што оваа учебна година беше надградена со пристап до информации од јавен карактер според добиени насоки од страна на Агенција за заштота на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер. Особено популарна е и Fun page на Училиштето, која постојано се обработува и надоградува со информации за активности спроведени во Училиштето или надвор од него. Продолжи соработката со државната телевизија МТВ, новинска агенција МИА, локалната телевизиска станица ,,ТВ Плус“, локалното радио „Браво“ и интернет порталот „Kumanovo News”. Како форми и методи за информирање се користени интервјуа, репортажи.

Училиштето повторно се стекна со *СЕРТИФИКАТ ЗА КВАЛИТЕТ IASS 2020-2022* издаден од Агенција за истражување, анализа, стандардизација и сертификација, со кој се потврдува и докажува квалитетот на работењето на Училиштето при аплицирање во проекти и други активности.

Исто така се здоби со *СЕРТИФИКАТ ЗА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ* и *СЕРТИФИКАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА* (во минатата учебна година)

За одбележување на значајни денови во училиштето се реализирани повеќе активности:

- со почитување на сите мерки на заштита во време на пандемија пригодно беше одбележан првиот училишен ден за учениците од I одделение

- за одбележување на *Детска недела* - цртање во дворот на Училиштето, паркинг просторот и помошното игралиште, изработување на ѕидни весници, разговор за *Конвенција за правата на детето,* со ученици од IV одделение од училишниот педагог е организирана работилница на тема *Детски права и обврски* со цел запознавање со детските права и Конвенција за правата на детето, но и обврските кои ги има секое дете

- предновогодишен концерт за првачиња, организиран од наставници по музичко образование Катерина Стојковска и Магдалена Божиновска со ученици од VI, VII и VIII одделение

- училишен ликовен и литературен конкурс по повод 21-ви Март, Светски ден на поезијата, на тема *Љубовта кон природата*

- маскенбал во училиштето по повод 1 – ви Април – Денот на шегата

- виртуелна посета на Собрание на РСМ за ученици од VI – IX одделение

- работилница со VI и VIII одделение за одбележување на *Светски ден на Пи бројот,* организирана од Марина Величковска и Климентина Михајловска

- театарска претстава *Патување во земјата Фамунозна* во изведба на генерација петтоодделенци

- одбележување на *Ден на училиштето* - забавни и спортски игри со ученици од одделенска настава; литературно читање на наградени ученици на литературниот конкурс и гости од другите основни училишта од Општината; свечена седница, положување на цвеќе, музичко-поетска ризница

- одржана куклена претстава за ученици од I-III одделение во холот на Училиштето

Наши ученици и наставници учествуваа на повеќе манифестации, работилници, настани и хуманитарни акции:

➢ *Ликовни конкурси и манифестации*
  - учество на ликовен конкурс распишан од градска библиотека „*Тане Георгиевски*“
  - ликовен конкурс по повод Светскиот ден на штедењето – 31 октомври
  - републички ликовен конкурс „11 Октомври", распишан од ДЛЦ по повод одбележување на државниот празник 11 Октомври,
  - меѓународен детски ликовен хепенинг - 13 Ноември Скопје во организација на ДЛЦ, Градско здружение на ликовни педагози Скопје
  - изработка на украси од рециклиран материјал и материјали од природата и украсување на градскиот плоштад, ученици од деветто одделение,
  - прва *Детска ликовна колонија Пчиња 2022*, организирана од страна на ХЗ „Мајка", ЖЗ „Коло на српските сестри" и ООУ „Браќа Миладиновци" – Ања Русевска од IX-1 - III место и за Јулија Давидовска од IX-2 - пофалница за учество под менторство на ликовниот педагог Далибор Јовановски
  - ликовна креативна работилница на мотив *Пролет* – две ученички и ликовен педагог

- *Литературни конкурси и манифестации*
  - учество во награден конкурс од ЗГ „Друштво на писатели“, Куманово на тема: *Љубовта меѓу нас е животна убавина, Каков е мојот живот со најблиските*
  - литературен конкурс распишан од градска библиотека *Тане Георгиевски*
  - учество на натпревар *Млади библиотекари,*
  - по повод *Месец на книгата* - учество на манифестација по повод Ден на книгата организирана од библиотека *Тане Георгиевски*
  - *Да читаме македонски автори* во соработка помеѓу ЈОУ Библиотека *Тане Георгиевски* и ЗГ *Биди своја* - квиз за ученици од VI до IX одделение (I и III место), во генерација III одделение – I место
  - библиотека Куманово во посета на ПУ с. Орашац со цел популаризација на книгата и *Запознавање со бајки од Македонија* – (читање на приказната *Момчето што се скри во златното јаболко*, анализа на истата - цртање на омилени ликови од приказната)
  - работилница *Мобилна библиотека* во рамки на проект READ (Регионална мрежа за културна различност), со ученици од VI и VIII одделение
  - финале на 9-ти меѓународен натпревар *Шантиќев фестивал на деца поети* учесник во финалето е и нашата ученичка Елена Божиновска од VIII-4 одделение

- *Други манифестации*
  - учество на теоретски дел од натпреварот *Детски семафор*
  - учество на велосипедската трка како дел од општинскиот натпревар *Детски семафор* 2021
  - учество на атлетска трка по повод 11 Ноември
  - *Биди безбеден* за училишните тимови на УСЕ за 2022 година под менторство на наставникот Галина Глигорова Пешиќ, III место екипно во прва фаза; учество на квиз во големото финале – освоено III место
  - едукативна работилница на тема велосипедизам од тимот на *Вело Училишта*
  - реализација на проектот *Фудбал во училиште* во организација на ФФМ, ФУСМ и СУС на Куманово - натпревари во фудбал за ученици од II/III одделение и IV/V одделение освоено II место во двете конкуренции, добиени 5 топки за фудбал
  - штафетни игри во организација на Општински сојуз на училишен спорт учествуваше II-5 одделение. Преку забавни активности беше промовиран училишниот спорт
  - националната изложба на уметнички фотографии *Жените и фотографијата* во чест на меѓународниот ден на жената, 8-ми Март, во организација на Фото клуб Куманово – учествуваа членови на фото-секција
  - едукативно видео *Нашето културно наследство* за учениците од шесто одделение во НУ Музеј Куманово по повод 18-ти Мај - *Меѓународен ден на музеите*
  - учество на 4 ученици на виртуелниот национален натпревар *Европски квиз на пари – 2022,* на едукативна платформа *Kahoot!,* во организација на Македонска банкарска асоцијација во соработка со Народна банка на РСМ и Комисија за хартии од вредност на РСМ
  - традиционален маскенбал во Пробиштип – ученици од VIII и IX одделение со рачно изработени маски и кореографија под наслов *Св. Ѓорѓи и ламјата* под менторство на ликовен педагог Далибор Јовановски и Анита Димовска, освоено трето место
  - маскенбал *Батко Ѓорѓија* – Куманово - освоено I место
  - *Еко возење на велосипед и ролери* на градскиот кеј – ученици од V одделение

- учениците од IX одделение следеа презентации за планинарство како спорт и за планинарска опрема од страна на член на планинарското друштво *Козјак 2013*

***Пријатели/соработници на училиштето помогнаа со свои донации и тоа:***

- донација на тетратки и распореди за I одделение од *Бучен Козјак*
- донација на постери за заштита од Ковид 19 од *Црвен крст* - Куманово
- донација на чоколадни млекца од *Битолска млекара*
- донација од Општина Куманово за подобрување на условите за настава по физичко и здравствено образование
- донација на заштитни маски од родител/фирма АПТИВ Сервисис Скопје
- донација на 30-тина лектири од руски писатели преведени на македонски јазик од страна на Руски центар при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје
- *Црвен Крст* - Куманово доделија новогодишни пакетчиња за ученици во ПУ Орашац и во ПУ Биљановце
- Здружението за поддршка, интеграција и ресоцијализација на лица во социјален ризик - ЛИНК подели новогодишни пакетчиња на ученици во подрачни училишта во селата Градиште, Кучкарево и Габреш
- *Ротаракт клуб* Куманово доделија новогодишни пакетчиња за ученици во ПУ с. Биљановце и ПУ с. Орашац
- *Светлост* и *Електро Куманово* доделија новогодишни пакетчиња за ученици во ПУ Доброшане
- *Маркети Елида* доделија новогодишни пакетчиња за учениците од ПУ Градиште
- *ЗГ Верба и надеж* додели новогодишни пакетчиња за учениците во ПУ Габреш
- Училиштето исто така организираше хуманитарни акции – собирање училишен прибор и облека за ученици со послаба имотна состојба; парични средства и куќни апарати (од вработените, учениците, родителите) за семејство на ученици по претрпена елементарна непогода

***Следење на педагошка евиденција и документација***

Во нашето училиште во учебната 2021/22 год. од страна на директорот редовно се следеше педагошката евиденција и документација на наставниците во е-дневник (навремено внесување на наставниот план, распоред на часовите, податоци за учениците, водење точен преглед на изостаноци на учениците; јасна и точна евиденција на оценките за успехот и поведението на учениците; редовно евидентирање на часовите; здравствена заштита на учениците, соработка со родители; евиденција за реализирани часови и содржини итн.). За сите недостатоци наставниците се известени во индивидуални разговори и на групни состаноци и направена е соодветна корекција. Делот со евиденција за реализираните наставни часови на месечно ниво беше печатен и доставуван на потпис кај директорот.

***Работа на стручни органи***

Работата на стручните органи се остварува според донесените програми, утврдени потреби и изготвен и усвоен дневен ред за работа. Во текот на оваа учебна година се одржани 4 состаноци на Совет на одделенски наставници и 5 на Совет на предметни наставници, како и 18 состаноци на Наставнички совет.

На состаноците на **Совет на одделенски и предметни наставници** беа избрани одговорен наставник и записничар за претстојната учебна година. На овие состаноци се дискутираше за реализација на НПП. Особено се даде акцент за оценетоста и редовноста на учениците. Беа констатирани изречени педагошки мерки на крајот од класификационите

периоди, а беа разгледувани и одредени прашања од воспитно – образовната работа во училиштето (имплементирање на новата Концепција за основно образование, преминување на ученици од настава со физичко присуство на настава од далечина).

На состаноците на **Наставнички совет** покрај утврдување на успех, редовност и поведение на учениците на крајот од класификационите периоди, беа разгледувани и други значајни прашања поврзани со спроведување на воспитно – образовниот процес:

- формирање на тимови за реализирање на предвидени активности поврзани со работењето на училиштето
- планирање на воспитно – образовна дејност, распределба на часови, распоред на часови, определување на одделенски раководители, работење во смени, реорганизација на училиштето за работа во услови на пандемија, назначување на координатори на одделенија и одговорни наставници на стручни активи
- редовно информирање и запознавање на наставниот кадар со сите новитети, правилници, протоколи, упатства, концепции и процедури изготвени од МОН и БРО и нивно имплементирање во ВОП
- донесување одлуки по барања доставени од родители
- одлучување за побрзо напредување на ученици
- разгледување анализи, извештаи и друг материјал поврзан со работата на училиштето
- дискусии за унапредување на наставата и стручно усовршување на наставниците и стручните соработници
- редовно информирање на наставниците за сите превземени дејствија во училиштето
- јавно пофалување на наставниците и учениците за постигнатите резултати во ВОР
- континуирано давање насоки за пополнување на педагошка евиденција и документација, согласно сите измени усвоени од МОН и БРО
- назначување наставници – ментори на наставници – приправници
- донесување и усвојување одлуки за начин на работење, организирање и планирање на воспитно – образовната работа

Наставниците кои предаваат ист предмет или подрачје се членови на **стручни активи.** Во одделенска настава функционираат 6 активи (по еден на ниво на секое одделение и еден на ниво на одделенска настава). Во предметна настава се поделени по подрачја: математика, физика, информатика, ТО; македонски јазик; англиски јазик; германски, италијански, руски јазик; природни науки, биологија, географија, хемија, иновации; ФЗО; музичко образование, ликовно образование; историја, етика, граѓанско образование, запознавање на религиите, класична култура во европската цивилизација.

Стручните активи на училиштето работеа на усогласување на критериумите за планирање на наставата и за оценување на постигањата на учениците; разгледуваа насоки, упатства, уредби за реализација на наставата во услови на пандемија со Ковид-19; на ниво на прво и четврто одделение усогласување на планирањата со новата Концепција за основно образование; даваа предлози на наставничките совети на училиштето за подобрување на воспитно-образовната работа, расправаа за забелешките на родителите односно старателите, учениците, разменуваа стручни искуства со цел стручно усовршување и вршеа други стручни работи определени со годишната програма за работа на училиштето.

Годишната програма за работа на ООУ„Кочо Рацин“ Куманово во учебната 2021/22 година сметаме дека е успешно реализирана, со оглед на околностите.

- сите активности и постигнати резултати редовно се промовирани на училишната веб страна и локалните, регионалните и државни медиуми
- особено се работеше на реализација на проектите Erasmus+ кои започнаа во минатата учебна година: *Учиме од чудесната природа* (I’m IN), *Чувари на водите* (GLOW) и *Откриј го светот околу себе со новите технологии!* (Open your mind to new technologies)

- секој наставник на крај на учебната година изготви извештај за сопствената работа – релизација на редовната, дополнителната и додатната настава, слободните ученички активности, со користење на новите обрасци, според Правилникот
- во текот на учебната година следени се и постигањата на децата со ПОП инклузирани во редовната настава според изготвен ИОП
- од страна на директорот и стручните соработници редовно се посетувани наставните часови, според однапред изготвен распоред, во склад со процедурата
- беше релизирана и Законската обврска за Советување на родителите чии деца нередовно посетуваа настава и не постигнуваа задоволителен успех во учењето

**Изработиле**:
Кети Б. Доцевска – психолог
Владица Наковска – психолог
Сашка Стаменковска – педагог
Росица Трајковска – специјален едукатор и рехабилитатор
Марина М. Јакимовиќ - педагог

**Директор**
______________________
/Лидија Пешевска/